- Во Извештајот од финансиската контрола во ЈЗУ УК за детска хирургија - Скопје е нотирано:
  - Констатирано е пресметување на додаток по основ на раководење по коефициент од 0,44. Во Поединечниот Колективен договор во делот ,,Плата по основ раководење и одговорност" е наведено дека на раководните работници и другите одговорни

работници платата им се зголемува со додаток на плата по основ на раководење и одговорност со додавање на следните коефициенти, меѓу кои е наведено - за главна медицинска сестра, акушерка, медицински лаборант и слично во ЈЗУ коефициент: 0,25.

- Констатирано е пресметување на додаток по основ на раководење по коефициент од 0,29. Во Поединечниот Колективен договор во делот ,,Плата по основ раководење и одговорност" е наведено дека на раководните работници и другите одговорни работници платата им се зголемува со додаток на плата по основ на раководење и одговорност со додавање на следните коефициенти, меѓу кои е наведено - за раководител на одделение коефициент: 0,23.

❖ При вондредната финансиска контрола во ЈЗУ УК за хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје, на лекарите ренгенолози кои не дежураат, средниот персонал и еден административен работник за часовите кои ги поминале на работа за време на празник им се исплаќа по два основи и тоа, како додаток на платата за поминати часови на работа зголемени за 42% (член 65 од ПКД), но и како прекувремена работа до 32 часа, што не е во согласност со Поедничниот Колективен договор.

При извршени финансиски контроли во 2019 година, евидентирани се случаи кога на директори во ЈЗУ, освен вкупниот коефициент за утврдување на плата без одобрение од Министерство за здравство, им се пресметуваат и исплаќаат и додатоци за дежурство, ноќна работа, пасивна приправност и работа во празник, и тоа во:

- ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани;
- ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања Јасеново;
- ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кавадарци;
- ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство Чаир,Скопје;
- ЈЗУ Здравствен дом Демир Хисар;
- ЈЗУ Општа болница Велес и
- ЈЗУ Институт за физикална медицина и рехабилитација Козле, Скопје.

***Забелешка**: Согласно измените и дополнувањата на законот за здравствена заштита, објавени во Службен весник број 153 од 26.07.2019 година, во член 178-а, здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е именуван за директор на јавната здравствена установа, има право да ги врши работите и работните задачи на здравствен работник за обезбедување непрекинато вршење на здравствената дејност со работа со дежурство, за што има право на исплата на надоместоци согласно со колективен договор.*

❖ Од финансиската контролата во ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола е евидентирано, во исплатните листи во ЈЗУ е нотиран случај каде на сите вработени освен на директорот, им се исплаќа по 7% секој месец, а на вработените кои се една година пред пензија им се исплаќа 10% од основната плата, по Одлука од 2015 година, донесена од страна на ВД Директорот во која е наведено, на вработените во ЈЗУ да им се исплати додаток на плата во висина од 2 до 20%. Новоназначениот ВД Директор од месец 8/2017 година извршил корекција во исплатата (нема донесено Одлука за тоа) на сите вработени да им се исплаќа 7% од основната плата, а на оние вработени кои се една година пред пензија да им се исплаќа 10% од основната плата.

❖ Од извршена вонредна финансиска контрола во ЈЗУ Институт за јавно здравје на РМ - Скопје е нотирано дека се применува најниската плата за најнизок степен на сложеност (вредност на бодот) во износ од 15.600 денари, врз основа на Колективен договор на ниво на работодавец склучен помеѓу Синдикалната организација на ЈЗУ и Управниот одбор на ЈЗУ, што не е во согласност со Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, утврдена на износ од 13.286 денари, објавена во Службен весник

број 179 од 26.09.2018 година и 13.352 денари објавена во Службен весник број 27 од 05.02.2019 година.

Во Извештаите од финансиските контроли во 2019 година, се нотирани случаи на зголемува на основната плата на работникот за додаток за услови потешки од нормалните и додаток на плата по основ на раководење кои не се во согласност со Колективниот договор за здравствена дејност, во:

- ЈЗУ УК за пулмологија и алергологија Скопје
- ЈЗУ Специјална болница за белодробни заболувања Јасеново
- ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство Чаир,Скопје и
- ЈЗУ Општа болница Куманово

При контролите извршени во 2019 година, евидентиран е случај во ЈЗУ, каде се пресметува и исплаќа додаток за дежурство, но на контролата не и е дадена на увид согласност од Министерство за здравство, за обезбедување непрекинато вршење здравствена дејност со работа со дежурство во:

- ЈЗУ УК за дерматологија Скопје
- ЈЗУ Општа болница Куманово
- ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство Чаир, Скопје
- ЈЗУ Општа болница Велес
- ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кавадараци
- ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија Скопје
- ЈЗУ УК за детска хирургија Скопје
- ЈЗУ КБ Битола

Евидентиран е случај кога платата за месецот кој е предмет на контрола, за часовите на дежурство во интернистичка дејност се исплатени додатоци на плата за дежурство во износ од 105%, наместо 96%, согласно измените на Колективниот договор за здравствена дејност објавен во Службен весник број 31 од 07.02.2019 година и тоа кај:

- ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Гевгелија и
- ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје

- Во ЈЗУ Општа болница - Куманово, при финансиска контрола на исплатената плата, е констатирано следново:
  - На главната сестра и е исплатен додаток без остварен повик и ангажирање 8% за 184 часа (за цел месец);
  - На доктори специјалисти и специјализанти во педијатрија за исти денови во месецот им се исплаќа истовремено додаток за дежурство за две одделенија (дежурство во исти денови и во ОЕ Педијатрија и во ОЕ Гинекологија и акушерство оддел за новородени со неонатална интензивна нега. Во поединечните пресметковни листи за исплата на плата по лице (лекар) наведени се вкупниот број на часови за дежурство, евидентирани во двете пресметковни листи од одделенијата).
  - На доктор специјалист по Невропсихијатрија за исти денови во месецот му се исплаќа истовремено додаток за дежурство за две одделенија (дежурство во исти денови и во ОЕ Психијатрија и во ОЕ Невролошки болести. Во поединечните пресметковни листи за исплата на плата по лице (лекар) наведени се вкупниот број на часови за дежурство, евидентирани во двете пресметковни листи од одделенијата).

- Од извршената финансиска контрола на пресметани и исплатени плати, во УК за ревматологија - Скопје, е констатирано исплата на:

- дежурен лекар на повик, за што ЈЗУ има донесено Одлука на УО за воведување, со компензација во износ од 4.000 денари од дежурство;
- износи од 4.500 денари нето, како додаток кој се врши врз основа на Одлука на Директорите на ЈЗУ, со која на вработените во администрација им се исплаќа износ од 4.500 денари за одржување предавања за административни, економски и правни работи.
- по Одлука на УО со која се воведуваат награди за едукативни предавања на лекари и сестри од Клиниката како и предавања во склоп на Интерна катедра со цел подобрување и унапредување на услугите кои се во склоп на клиниката. Износот на наградите да биде 4.500 денари за одржано предавање на лекари, 2.500 денари за сестри и 7.500 денари за предавање во склоп на катедрата (со образложение дека за следење на светските трендови во медицината да се воведат редовни предавања за новините во медицината).

Во извештаите од извршените финансиски контроли во текот на 2019 година, евидентирани се следниве реализирани трошоци во сметковотсвената евиденција на ЈЗУ:

- Во ЈЗУ Центарот за јавно здравје - Прилеп, исплатен е **регрес за годишен одмор** за 2018 година во вкупен износ од 490.000 денари по Одлука од УО во висина од по 10.000 денари по работник, кои се евидентирани во ЈЗУ на конто 404150 - Други неспомнати надоместоци;

- Во ЈЗУ УК за ревматологија - Скопје, во 2018 година, евидентирани се трошоци во износ од 1.481.049 денари по основ на Одлука за **исплата на додаток на плата за работна успешност**, со која поради постигнати значајни резултати од областа на здравството, особено поради успешната набавка на биолошка терапија и отпочнување на процесот на регистрација на болни за лекување со биолошка терапија се одобрува на директорите на клиниката да на сите вработени им исплатат еднократен додаток на плата за работна успешност и тоа во висина од 80% од основната плата која вработениот ја добил претходниот месец. Трошоците во ЈЗУ се евидентирани на конто 426990400 – Награди кои не влегуваат во плата;

- Во ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје, во 2017 година, е исплатен износ од 732.000 денари, со Решение потпишано од страна на раководниот орган, со кое е одобрена исплата на средства во висина од 3.000 денари, во нето износ за сите редовно вработени во ЈЗУ како и за сите лица ангажирани со договор на дело **„како надомест за несебичноста, посветеноста и одговорноста со која пристапуваат кон извршувањето на работните задачи“.**
  Во 2018 година исплатен е износ од 1.323.604 денари, со Решение, потпишано од страна на раководниот орган, со кое е одобрена исплата на средства во висина од 5.000 денари во нето износ за сите редовно вработени во ЈЗУ како и за сите лица ангажирани со договор на дело **„како надомест за посветеноста и одговорноста со која пристапуваат кон извршувањето на работните задачи“** и со Решение потпишано од страна на раководниот орган за исплата на еднократна парична помош на девет вработени **„поради зголемената работна успешност, како и значителен учинок во работата на наведените вработени“.**
  Истите во ЈЗУ се евидентирани на контото 425990918 – Договорни услуги - надоместок.

- Во ЈЗУ Специјална болница за гинекологија и акушерство Чаир - Скопје е евидентиран трошок во 2018 година во висина од 864.373 денари, а се однесува на **еднократен надомест во висина од 10% до 20% на основната плата** на вработените и ангажираните работници во ЈЗУ, со Одлука од страна на УО, (за 182 лица). Во сметководствената

евиденција на ЈЗУ, трошоците се евидентирани на конто 42599092 Други договорни услуги – вработени.

- Во ЈЗУ Центарот за јавно здравје - Тетово нотирани се трошоците **исплата на надомест на работна успешност** за 2018 година во нето износ од 8.000 денари по вработен по Одлука, во вкупниот бруто износ изнесува 613.341 денари и исплата на **регрес за годишен одмор** за 2017 година во нето износ од 6.000 денари по вработен по Одлука во вкупниот бруто износ изнесува 453.333 денари. Истите во ЈЗУ се евидентирани на контото 426990 Други оперативни расходи.

- Во ЈЗУ Институт за ТБЦ - Скопје е евидентирана исплата на награди по Одлука на УО по 20.000 денари **за наградни надоместоци на членовите на УО** и Одлука на УО **„заради вонредно и надпросечно оптоварување“** на износ од 1.522.207 денари (исплатата е направена за 63 лица) и тоа:
  - за директорот износ од 40.000 денари (еден извршител);
  - за 9 (девет) вработени кои извршуваат работа како раководители на одделенија/оддели износ од 30.000 денари;
  - за вработените износ од 20.000 денари;
  - за лицата кои се ангажирани со договор на дело износ од 20.000 денари и за надворешните членови на УО кои се назначени од Владата по 20.000 денари.

  По Одлука на УО за дополнување на Одлуката на УО во која во членот 3, се додава уште една точка која гласи „**за вработените кои во 2017 година го остварile правото по некој од основите за пензија”** ќе им се исплати срезмерен износ за времето кое го поминале на работа, односно од 01.01.2017 година до денот кога го остварile правото на пензија, како износ од кој ќе се пресметува ќе биде износот од 20.000 денари“, за кои е исплатен износ од 50.000 денари.
  Трошоците во сметковотсвената евиденција на ЈЗУ се нотирани на конто 426990 - Други оперативни трошоци.

- Во ЈЗУ СБ за туберкулоза и белодробни заболувања Лешок - Тетово во 2017 година, евидентирани трошоци во износ од 206.677 денари за исплата на **регрес за годишен одмор на сите вработени** по 6.000 денари по Одлука од ВД Директорот на ЈЗУ и во 2018 година трошоци во износ од 355.562 денари за исплата на **дополнителен надоместок на сите вработени** по 10.000 денари по Одлука број 02-460/1 од 13.12.2018 година од ВД Директорот на ЈЗУ. Овие трошоци во ЈЗУ се евидентирани на конто 404150 - Други неспоменати надоместоци;

- Во ЈЗУ Институт за медицинска реахабилитација Козле - Скопје е реализиран трошок на износ од 1.380.000 денари како награда за вработените од сопствена сметка во износ од 9.000 денари за **исклучително залагање** во 2017 година и постигнување на позитивни финансиски резултати врз основа на Одлука на У.О. Во 2018 година на износ од 1.842.470 денари како **награда за вработените** од сопствена сметка во износ од 9.000 денари за исклучително залагање во 2018 година и постигнување на позитивни финансиски резултати врз основа на Одлука на У.О. Овие трошоци во ЈЗУ се евидентирани на конто 404150 – Други еднократни надоместоци.

- Во ЈЗУ Центар за јавно здравје - Охрид во 2018 година се реализирани трошоци во износ од 1.410.923 денари за:

  - по повод 25 годишен Јубилеј на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Охрид на вработените им е исплатен еднократен надоместок во нето износ од 2.000 денари по основ на придонесот во зголемувањето на доходот и добивката од рационализации и дополнителна ангажираност на вработените и ангажираните лица со Договор за дело во ЈЗУ исплатен е износ од 89.500 денари, а врз Одлука бр. 03-232/3 од 27.03.2018 година;

- исплата на надоместок поради непрекинат стаж во ЈЗУ – јубилејна награда во износ од 612.423 денари, врз Одлука бр. 02-105/2 од 31.01.2018 година за 26 (дваесет и шест) вработени, врз основа на донесени Одлуки од страна на ВД Директорот на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Охрид и

- надоместок за регрес за годишен одмор К-15 во износ од 585.000 денари врз Одлука бр.02-502/1 од 18.08.2018 година.

- ЈЗУ Здравствена станица Железара - Скопје:

- во 2017 година реализирани се трошоци за вработени во износ од 410.000 денари, поради работна успешност по Одлука за утврдување на надоместок за работна успечност од ВД Директорот број 03-375 од 29.11.2017 година. На сите вработени им е исплатено по 10.000 денари нето износ.

- во 2017 година трошоците за исплата на вредносен ваучер од Тинекс на вработените во износ од 3.000 денари по вработен по повод велигденските празници врз основа на Одлука за утврдување на надоместок за работна успешност бр. 03-126 од 03.04.2017 година потпишана од В.Д.Директорот исплатено, во износ од 135.000 денари.

- во 2018 година реализирани се трошоци за вработени во износ од 1.107.000 денари и тоа:

Поради успешност на работа по Одлука од ВД Директорот број 03-135 од 16.03.2018 година на вработените им е исплатено по 12.000 денари нето износ т.е вкупно исплатени се средства во износ 492.000 денари.

Поради успешност на работа по Одлука од ВД Директорот број 03-465 од 12.12.2018 година на вработените им е исплатено по 15.000 денари нето износ т.е вкупно е исплатени средства во износ 615.000 денари.

- Во Извештајот од финансиската контрола во ЈЗУ Центар за јавно здравје - Велес:
- во 2017 година се евидентирани расходи за награди за успешно работење по лице во вкупен износ од 1.807.053 денари. Наградите се движат во распон од 6.000 до 57.340 денари. Овие средства се исплатени врз основа на Одлука за паричен надомест – награда 0204 бр. 621/2 од 22.12.2017 година потпишана од страна на В.Д.Директорот.
- во 2018 година се евидентирани расходи за награди за успешно работење по лице во вкупен износ од о 1.478.114 денари. Наградите се движат во распон од 4.302 денара до 42.300 денари. Овие средства се исплатени врз основа на Одлука за исплата на паричен надомест – награда.

- Во Извештајот од финансиската контрола на ЈЗУ УК за детска хирургија - Скопје за 2018 година, се евидентирани трошоци за награди на вработени во вкупен износ од 602.251 денар. Со Одлука од Управен одбор бр.0202-1242/9 од 22.12.2017 година е утврдена награда за секој вработен во клиниката по 6.000 денари во нето износ на име „празничен надоместок за вработените“ и поединечни решенија потпишани од Директор. Исто така дополнително се исплатени и поединечни награди на име „награда за особено залагање во работата и исклучително стручно и ефикасно извршување на работните задачи, во услови на зголемен обем на работа за кардиохирургија“ со поединечни решенија потпишани од Директор и тоа на:(Раководител на оддел во нето износ од 20.000 денари, Раководител на сметководство во нето износ од 6.000 денари и Технички секретар во нето износ од 6.000 денари).

- Во Извештајот од финансиската контрола на ЈЗУ УК за кардиологија - Скопје, во 2017 година се нотирани расходи за парични награди на вработените и лицата со договор за привремено вработување на износ од 3.228.750 денари и 358.760 денари персонален данок, или вкупно 3.587.510 денари по Одлука на УО бр.02-1713/12 од 29.11.2017 година, како надоместок за придонес во зголемувањето на доходот. Распределбата е направена на следниот начин: лекари на износ од 15.000 денари, медицински сестри на износ од 14.750 денари, администрација на износ од 14.500 денари и помошно технички персонал на износ од 14.250 денари.

Во 2019 година од страна на одделението за буџетска и финансиска контрола беа превземени и следниве активности:

- Одделението за буџетска и финансиска контрола врз база на податоците добиени од ЈЗУ и УЈП за исплатена бруто плата за редовно вработени лица во месец ноември 2018 година, февруари, мај и септември 2019 година, изработи регистар на вработени лица од сите јавните здравствени установи по групи на профили и изготви пресметки за висината на износот на просечна плата во ЈЗУ на вработените по групи на профили;

- Изработена е проекција за зголемување на платата на специјалисти во терциерно здравство (по профили од доктор специјалист до професор) на нето износ од 100.000 денари;

- Одделението за буџетска и финансиска контрола во 2019 година, во соработка со Министерство за здравство учествуваше во изработка на измените во Колективниот договор за здравствена дејност, согласно:

  - Спогодбата за утврдување на најниска плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на бруто платите во здравствената дејност објавени во Службен весник број 27 од 05.02.2019 година, за промена на најниската плата за најнизок степен на сложеност од 13.286 денари на 13.352 денари (поради зголемување на придонесот за здравствено и пензиско-инвалитско осигурување), со примена на исплата на плата за месец јануари 2019 година.

  - Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност, објавени во Службен весник број 31 од 07.02.2019 година, со примена на исплата на плата за месец јануари 2019 година, за промена на коефициентите на сложеност на сите групи на занимања, освен за вработените лица од администрацијата;

  - Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност, објавени во Службен весник број 32 од 07.02.2019 година, со примена на исплата на плата за месец јануари 2019 година, на директорите и на медицинските директори на ЈЗУ;

  - Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност, објавени во Службен весник број 196 од 25.09.2019 година, со примена на исплата на плата за месец септември 2019 година,извршено е **зголемување** на коефициентите за пресметка на плата за **5 %**, за вработените административни службеници.

- Изработена е проекција за зголемување бруто плата согласно измените на коефициентите на сложеност по профили на редовно вработени лица на плата, во Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита и Поединечниот колективен договор на Самостојниот сидикат на вработените во Универзитетски клиники, Центри, Клинички болници и други јавни здравствени установи;

- Континуирано се изработува пресметка на договорен надоместок на приватните специјализанти ангажирани во ЈЗУ, т.е. се изготвуваат поединечни пресметки за сите приватни специјализанти за исплата на договорениот надоместок од 26.000 денари во нето износ, по претходно добиено известување од Министерство за здравство;

- Одделението за буџетска и финансиска контрола во 2019 година, во соработка на Министерство за здравство, активно ја следи исплата на договорениот надоместок на секој приватен специјализант. Исто така, преку доставувања известувања за редовното присуство на приватни специјализанти при обавување турнуси од страна на матичната установа, од каде се исплаќа паричниот надоместок се следи и редовноста на приватните специјализанти;

- Континуирано се изработува пресметка на договорен надоместок на доктори на медицина за вршење на платена пракса и медицински сестри ангажирани во здравствените домови по Јавен повик на Министерство за здравство во рок од шест месеци, по претходно добиено известување од страна на Министерство за здравство;

- За потребите на одделението за буџетска и финансиска контрола во 2019 година, во неколку наврати се анализираше бројот на редовно вработени лица, во вкупен број или по видови на профили.

2. Наменски контроли

Наменските контроли се спроведуваат по барање на менаџментот на Фондот, по барање на Директор на Сектор во Фондот, раководител на подрачна служба или врз основа на писмено барање на договорните страни, на работодавач, на осигурено лице и други надлежни институции, и како такви не се дел од Годишниот план за финансиски контроли.



Наменските контроли кои се извршени во периодот 01.01.2019 – 31.12.2019 година се презентирани во следната табела:

Контролирани здравствени установи и цел на наменската контрола	Број на контроли
Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плата во ЈЗУ ОБ Гостивар и ЈЗУ Инситут за јавно здравје на РМ - Скопје	*2*
Предмет на контрола – контрола на финансиското работење во ЈЗУ ➢ *Институт за физикална медицина и рехабилитација – Козле* ➢ *Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје* ➢ *Клиничка болница - Битола* ➢ *Клиничка болница - Штип* ➢ *Општа болница со проширена дејност - Кавадарци* ➢ *Општа болница - Велес*	*6*
Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати по добиено писмено барање известување од Министерство за здравство во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност - Кавадарци	*1*
Предмет на контрола – контрола по побарање за исплата на средства како аванс од страна на ЈЗУ ➢ *Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид* ➢ *Специјална болница за нефрологија – Струга* ➢ *Универзитетска клиника за хематологија - Скопје*	*3*
Предмет на контрола – контрола на плаќање по Спогодба за пристапување кон долг и регулирање на заемни права и обврски склучени помеѓу ФЗОМ и ЕВН во ЈЗУ ➢ *Здравствен дом – Скопје* ➢ *Центар за јавно здравје – Скопје*	*11*

➢ *Здравствен дом – Прилеп* ➢ *Институт за туберколоза и белодробни заболувања кај децата – Козле* ➢ *Институт за јавно здравје на РМ – Скопје* ➢ *Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски – Скопје* ➢ *Специјална болница за нефрологија – Струга* ➢ *Здравствен дом – Вевчани* ➢ *Општа болница – Струга* ➢ *Општа болница – Охрид* ➢ *Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо - Охрид*	
Предмет на контрола – контрола на начинот на пресметка и исплата на плата за месец ноември 2018 година во ЈЗУ ➢ *Клиничка болница – Тетово* ➢ *Градска болница 8ми септември – Скопје* ➢ *УК за торакална и васкуларна хирургија – Скопје* ➢ *Клиничка болница – Битола* ➢ *Општа болница – Куманово* ➢ *Општа болница – Гостивар* ➢ *Општа болница – Струмица* ➢ *Општа болница – Охрид* ➢ *Општа болница – Струга* ➢ *УК за очни болести – Скопје* ➢ *Општа болница – Велес* ➢ *Општа болница – Прилеп* ➢ *Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје*	*13*
Предмет на контрола – информација за извршен увид во модулот на ФЗОМ во однос на фактурирање од страна на ПЗУ Центар за дијализа Систина Нефроплус – Кавадарци	*1*
Предмет на контрола – информација за извршена вондредна контрола на исплатена бруто плата за м. февруари 2019 и споредба со податоците за исплатена бруто плата за м. ноември 2018 и мај 2018 година во 110 ЈЗУ	*1*
Предмет на контрола – информација за извршена вондредна контрола на исплатена бруто плата за м. мај 2019 и споредба со податоците за исплатена бруто плата во период мај 2018 – мај 2019 година во 110 ЈЗУ	*1*
Предмет на контрола – информација за извршена вондредна контрола на исплатена бруто плата за м. септември 2019 и споредба со податоците за исплатена бруто плата во период септември 2018 до мај 2019 во 110 ЈЗУ	*1*
Предмет на контрола – целосна финансиска контрола во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле	*1*
Предмет на контрола – контрола на пресметка и исплата на плати во итна стоматолошка служба во ЈЗУ Здравствен дом - Тетово	*1*
Предмет на контрола – информација за исплатени регреси и награди за вработените во ЈЗУ според податоците од извршени целосни финансиски контроли	*1*
Предмет на контрола – постапка за јавна набавка на медицински помагала за лабораторија за електрофизиологија и електростимулација на срце во ЈЗУ УК за Кардиологија- Скопје	*1*
Предмет на контрола – интервентна набавка на Реконбинантен фактор на коагулација FVIII - turoctocog alfa најмалку трета генерација и контрола на плаќања на истата во ЈЗУ УК за детски болести - Скопје	*1*
Предмет на контрола – набавка на АРВ лекови и тестови за следење на АРВ терапија која се спроведува по Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција за 2019 година од Министерството за здравство, поточно спроведената набавка во позицијата дел 13 – Abakavir + lamivudine од производителот „Плива“, а од економскиот оператор „Зегин“ – Скопје во ЈЗУ УК за инфективни болести и фебрилни состојби - Скопје	*1*

Предмет на контрола - контрола за пресметката на прекувремената работа и дежурствата за месец Јуни/2019 година во ЈЗУ Клиника по хируршки болести Св. Наум Охридски - Скопје	*1*

VI. Заклучок

Финансиската контрола на Фондот во текот на 2019 година успешно ги изведе поставените задачи и ги реализира активностите предвидени со Годишниот план за финансиски контроли.

Резултатите од финансиската контрола се:

- Подобар увид на ЈЗУ во слабостите на своето финансиско работење кои треба да се отстранат за да се постигне поголема финансиска ликвидност и солвентност;

- Зголемен степен на едуцираност на кадарот во здравствените установи преку укажувањата за начините на изготвување и усвојување на планските документи, водењето на сметководствената евиденција, подобрување на механизмите на внатрешна контрола во делот на раководење со постапките за јавни набавки и реализација на договорите, исплатата на обврските според доспевање и без преферерирање на добавувачи, пресметка и исплата на плата и додатоци од плата согласно Колективниот договор за здравствена дејност, начинот на ангажирање на лица со договор за дело итн.

- Препораките и укажувањата се содржани во извештаите од контролите.

август, 2020 година

Изработиле:
М-р Бедри Мемети
М-р Софче Ристовска
Цвете Јовановска

Контролирал:
Снежана Ќовкароска – Шилоска

Согласен:
Миле Сугарев

Прилог 1: Табеларен преглед на констатирани неправилности во ЈЗУ од целосните финанасиски контроли

1.1. Приказ на состојбата на долгови на 31.12.2017 и 31.12.2018 година

Р.бр.	ЈЗУ	долгови на 31.12.2017	долгови на 31.12.2018	зголемување/ намалување
1	Центар за јавно здравје - Прилеп	0	0	исто ниво
2	УК за хематологија - Скопје	103.046.245	127.310.606	зголемување
3	УК за пулмологија и алергологија - Скопје	39.343.924	32.173.270	намалување
4	УК за радиотерапија и онкологија - Скопје	7.987.796	231.541	намалување
5	ЗС Поликлиника на УКИМ – Скопје	3.091.593	598.205	намалување
6	Општа болница со проширена дејност – Кочани	17.429.458	15.685.700*	намалување
7	Институт за белодробни заболувања кај децата - Козле	53.766.382	72.674.013	зголемување
8	Општа болница со проширена дејност - Гевгелија	28.619.107	35.114.626**	зголемување
9	Општа болница - Кичево	4.612.714	3.483.459	намалување
10	СБ за туберкулоза и белодробни заболувања - Јасеново	0	0	исто ниво
11	УК за дерматологија – Скопје	33.510.481	11.999.638	намалување
12	Општа болница со проширена дејност - Кавадарци	26.183.281	32.923.646***	зголемување
13	Општа болница - Куманово	173.293.990	126.584.876	намалување
14	ПЕТ Центар - Скопје	300.965	10.620	намалување
15	Завод за слух, говор и глас - Битола	104.752	3.980	намалување
16	УК за ревматологија - Скопје	80.650.197	59.607.179	намалување
17	Институт за ТБЦ - Скопје	27.846	506.650	зголемување
18	Здравствен дом - Радовиш	0	0	исто ниво
19	Центар за јавно здравје - Тетово	805.329	438.045	намалување
20	Здравствен дом – Демир Хисар	0	0	исто ниво
21	Општа болница - Велес	50.244.850	7.240.695	намалување
22	СБ за гинекологија и акушерство Чаир – Скопје	29.414.908	28.881.389	намалување
23	СБ за туберкулоза и белодробни заболувања Лешок	0	0	исто ниво
24	Центар за јавно здравје - Охрид	2.324.332	59.520	намалување
25	Здравствен дом - Берово	0	0	исто ниво
26	Здравствена станица - Железара	0	0	исто ниво
27	Здравствен дом - Охрид	2.558.046	2.041.231	намалување
28	Здравствен дом - Струмица	1.817.675	31.105	намалување
29	ТОАРУЛУЦ - Скопје	115.710.180	120.102.043	зголемување
30	УК за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје	67.835.804	49.152.802	намалување
31	Здравствен дом - Гевгелија	14.863.641	14.262.931	намалување
32	Здравствен дом – Свети Николе	0	0	исто ниво
33	Здравствен дом - Липково	1.004	1.004	исто ниво
34	УК за детска хирургија - Скопје	75.665.910	82.632.467	зголемување
35	Институт за медицина на трудот - Скопје	2.207.108	2.013.191	намалување
36	Клиничка болница - Битола	28.194.216	30.866.394	зголемување
37	Општа болница - Дебар	не е извршена контрола		
38	ГОБ 8ми Септември - Скопје	229.735.303	268.822.515	зголемување
39	Здравствен дом - Виница	0	0	исто ниво
40	Центар за јавно здравје - Велес	1.122.099	685.226	намалување

41	Општа болница - Гостивар	43.651.361	396.775	намалување
42	Општа болница - Прилеп	51.418.978	19.535.048	намалување
43	Здравствен дом - Пробиштип	117.305	439.955	зголемување
44	Здравствен дом - Валандово	0	0	исто ниво
45	УК за кардиологија - Скопје	71.617.314	113.243.655	зголемување
46	Здравствен дом - Кочани	35.355	35.355	исто ниво

забелешка: *** состојбата на долговите е на 30.04.2018 година**
**** состојбата на долговите е на 30.06.2018 година**
***** состојбата на долговите е на 31.08.2018 година**

1.2. Утврдени неправилности во благајничкото работење

Р.бр.	ЈЗУ	Број на препораки
1	Центар за јавно здравје - Прилеп	2
2	УК за хематологија - Скопје	1
3	УК за пулмологија и алергологија - Скопје	1
4	УК за радиотерапија и онкологија - Скопје	3
5	ЗС Поликлиника на УКИМ - Скопје	3
6	Општа болница со проширена дејност - Кочани	2
7	Општа болница - Кичево	1
8	СБ за туберкулоза и белодробни заболувања - Јасеново	2
9	УК за дерматологија - Скопје	1
10	Општа болница - Куманово	3
11	ПЕТ Центар - Скопје	1
12	Завод за слух, говор и глас - Битола	3
13	УК за ревматологија - Скопје	4
14	Институт за ТБЦ - Скопје	2
15	Здравствен дом – Демир Хисар	3
16	Општа болница - Велес	7
17	СБ за туберкулоза и белодробни заболувања Лешок	3
18	СБ за гинекологија и акушерство Чаир – Скопје	2
19	УК за пластична и реконструктивна хирургија - Скопје	4
20	Здравствен дом - Гевгелија	4
21	Здравствен дом - Липково	3
22	УК за детска хирургија - Скопје	2
23	Институт за медицина на трудот - Скопје	1
24	ГОБ 8ми Септември - Скопје	1
25	Центар за јавно здравје - Велес	4
26	Општа болница - Гостивар	2
27	Општа болница - Прилеп	4
28	Здравствен дом - Пробиштип	3
29	Здравствен дом - Валандово	1
30	УК за кардиологија - Скопје	2
31	Здравствен дом - Кочани	1

1.3. ЈЗУ без софтвер за разграничување на долговите и обврските во сметковотствената евиденција, во моментот на контрола

Р.бр.	ЈЗУ
1	ЗС Поликлиника на УКИМ – Скопје
2	ПЕТ Центар – Скопје
3	Завод за слух, говор и глас – Битола
4	СБ за гинекологија и акушерство Чаир – Скопје

1.4. ЈЗУ во кои не постои мрежно поврзување помеѓу одделите и службите заради евиденција на потрошувачката на лекови и медицински потрошен материјал

Р.бр	ЈЗУ
1	Центар за јавно здравје – Прилеп
2	УК за пулмологија и алергологија – Скопје
3	ЗС Поликлиника на УКИМ – Скопје
4	Институт за туберкулоза и белодробни заболувања кај децата – Козле
5	Општа болница – Куманово
6	Завод за слух, говор и глас – Битола
7	Центар за јавно здравје – Тетово
8	Здравствен дом – Демир Хисар
9	СБ за гинекологија и акушерство Чаир – Скопје
10	Здравствен дом – Берово
11	Здравствена станица - Железара
12	УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
13	УК за детска хирургија – Скопје
14	Клиничка болница – Битола
15	Центар за јавно здравје – Велес
16	Општа болница – Прилеп
17	Здравствен дом – Пробиштип
18	Здравствен дом - Кочани

1.5. ЈЗУ кои немаат нема лице кое е вработено кај договорниот орган, а кое има валидна потврда за лице за јавни набавки

Р.бр	ЈЗУ кои немаат лице со лиценца за ЈН
1	УК за хематологија – Скопје (без потврда за положен испит за ЈН)
2	ЗС Поликлиника на УКИМ – Скопје
3	Здравствен дом – Радовиш (потврда за положен испит со помината важност)
4	Здравствен дом – Демир Хисар
5	УК за ревматологија – Скопје (ангажирано лице за консултантски услуги)
6	УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје (ангажирано со договор за повремено или привремено вршење на услуги)
7	Здравствен дом – Свети Николе
8	Здравствен дом - Липково
9	Здравствен дом - Виница

1.6. ЈЗУ кај кои се констатирани набавки без спроведена постапка за јавна набавка. чиј вкупен износ го надминува дозволениот вкупен месечен лимит од 500 евра, во денарска противвредност, без ДДВ

Р.бр	ЈЗУ
1	Центар за јавно здравје – Прилеп
2	УК за хематологија – Скопје
3	УК за пулмологија и алергологија – Скопје
4	УК за радиотерапија и онкологија – Скопје
5	ЗС Поликлиника на УКИМ – Скопје
6	Институт за туберкулоза и белодробни заболувања кај децата – Козле
7	Општа болница – Кичево
8	СБ за туберкулоза и белодробни заболувања - Јасеново
9	УК за дерматологија – Скопје
10	Општа болница со проширена дејност – Кавадарци
11	Општа болница – Куманово
12	ПЕТ Центар – Скопје
13	Завод за слух, говор и глас – Битола
14	УК за ревматологија – Скопје
15	Институт за ТБЦ – Скопје
16	Здравствен дом – Демир Хисар
17	Општа болница – Велес
18	СБ за туберкулоза и белодробни заболување Лешок
19	СБ за гинекологија и акушерство Чаир – Скопје
20	Центар за јавно здравје – Охрид
21	Здравствен дом – Берово
22	Здравствена станица – Железара
23	Здравствен дом – Охрид
24	Здравствен дом – Струмица
25	УК за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје
26	Здравствен дом – Гевгелија
27	Здравствен дом – Свети Николе
28	Здравствен дом – Липково
29	УК за детска хирургија – Скопје
30	Институт за медицина на трудот – Скопје
31	Клиничка болница – Битола
32	ГОБ 8ми Септември – Скопје
33	Здравствен дом – Виница
34	Општа болница – Гостивар
35	Општа болница – Прилеп
36	Здравствен дом – Валандово
37	УК за кардиологија - Скопје

1.7. ЈЗУ во кои не се спроведуваат соодветни постапки за јавни набавки за стоки и услуги, иако за истите ЈЗУ има континуирана потреба и нивниот вкупен износ во текот на годината го надминува износот од 500 евра, во денарска противвредност, без ДДВ

Р.бр.	ЈЗУ
1	Центар за јавно здравје – Прилеп
2	УК за радиотепија и онкологија – Скопје
3	ЗС Поликлиника на УКИМ – Скопје
4	Институт за туберкулоза и белодробни заболувања кај децата - Козле
5	Општа болница – Кичево
6	СБ за туберкулоза и белодробни заболувања - Јасеново
7	УК за дерматологија – Скопје
8	Општа болница со проширена дејност – Кавадарци
9	Општа болница – Куманово
10	УК за ревматологија – Скопје
11	Институт за ТБЦ – Скопје
12	Здравствен дом – Радовиш
13	Општа болница - Велес
14	Центар за јавно здравје – Охрид
15	Здравствен дом – Берово
16	Здравствена станица – Железара
17	Здравствен дом – Струмица
18	Здравствен дом – Гевгелија
19	Здравствен дом – Свети Николе
20	Здравствен дом – Липково
21	УК за детска хирургија – Скопје
22	Институт за медицина на трудот – Скопје
23	Клиничка болница – Битола
24	ГОБ 8ми Септември – Скопје
25	Здравствен дом – Виница
26	Општа болница – Гостивар
27	Општа болница – Прилеп
28	Здравствен дом – Валандово
29	УК за кардиологија - Скопје

1.8. ЈЗУ во кои Одлуката за јавна набавка не е изработена согласно одредбите од Законот за јавни набавки

Р.бр	ЈЗУ
1	СБ за туберкулоза и белодробни заболување Лешок
2	Здравствен дом – Струмица
3	Здравствен дом – Гевгелија
4	Центар за јавно здравје - Велес